# АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| Период за кој се известува: 2019 година<br>Вкупен буџет: 15.280.000,00 денари<br>Број на вработени: 19<br>www.komspi.mk | <u>Одговорно лице:</u><br>Име и Презиме: Пламенка Бојчева<br>Звање: Директор на Агенцијата<br>E-mail: komspi@komspi.mk<br>Телефон: 02/3118-038 |

## СОДРЖИНА:


1.РЕЗИМЕ ....3

2. ВОВЕД ....5

3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА: ....7

4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА: ....11

- 4.1. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ ....11
- 4.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НИВНА СТРУКТУРА....12
- 4.4. КАРАКТЕР НА ПОДНЕСЕНИ ЖАЛБИ:....12
  - *4.4.1. Состојба на предмети по тужби:....13*
  - *4.4.2. Спроведување и искуства од примената на Законот: ....14*
  - *4.4.3. Листа на иматели на информации: ....15*
  - *4.4.4. Содржина на Годишни извештаи: ....15*
  - *4.4.5. Годишни извештаи на имателите: ....17*
  - *4.4.6. Соработка со службени лица кај имателите: ....18*
  - *4.4.7. Обука и едукација: ....19*
  - *4.4.8. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности: ....19*
  - *4.4.9. Веб локација на Комисијата: ....20*
- 4.5. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА: ....20

5. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....20

- 5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ....21
  - *5.1.1. Реализација на Проектни апликациии во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје ....21*
  - *5.1.2. Отворено владино партнерство ....21*

*5.1.3. Стратегија за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година* ....... 22
5.2. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА РАБОТНИ ГРУПИ ........ 24
5.3. ПОСЕТА НА ОБУКИ ........ 25
*5.3.1. Тридневна обука на тема „Мониторинг и евалуација на политики“ од 13 до 15 март 2019 година во Скопје* ........ 25
*5.3.2. Информативна сесија за ТАИЕКС (TAIEX)* ........ 25
5.4 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 26
*5.4.1. ИПА проект* ........ 26
*5.4.2 Подготовка на Извештаи за НПАА и Подготовка на материјали за придонесот на Македонија кон Извештајот на Европската Комисија* ........ 27
*5.4.3 Одржување на релации и соработки со сродни иситутции* ........ 27
**6. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ ........ 28**
6.1. КРАТОК ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ........ 28
6.2. КОМПАРАТИВНА ТАБЕЛА НА БУЏЕТ И РАСХОДИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ ........ 29
6.3 ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2019 ГОДИНА ........ 30
**7. ЗАКЛУЧОЦИ: ........ 30**
**8. ПРЕПОРАКИ: ........ 30**
**9. ПРИЛОЗИ: ........ 31**
**ПРИЛОГ: КОПИЈА ОД ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2019 ГОДИНА ........ 39**

# 1.РЕЗИМЕ

Извештајот за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2019 година, како законски следбеник на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во понатамошниот текст: Агенцијата) произлегува од законската обврска за поднесување Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија, а ги одразува надлежностите утврдени во членот 30 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чие спроведување е надлежна Агенцијата. Извештајот ја прикажува работата на Комисијата врз секоја од надлежностите и резултатите на нејзината работа и активностите во 2019 година.

Имено, во текот на 2019 година, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер се соочуваше со повеќе предизвици и ограничувања поврзани со нејзиното работење и функционирање, поради следното:

Согласно член 31 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија“бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/15, 55/2016 и 64/2018), Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер беше составена од претседател, негов заменик и три члена, кои функцијата ја извршуваа професионално со мандат од пет години и со право на повторен избор. Претседателот, заменикот и членовите на Комисијата ги именуваше и разрешуваше Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Согласно член 33 од истиот Закон, Комисијата работите од својата надлежност ги вршеше на седници, а работеше и одлучуваше со мнозинство од вкупниот број членови.

Комисијата подолг временски период функционираше со претседател, негов заменик и еден член. Имено, на 2 мај 2018 година, Собранието на Република Македонија ја прифати оставката на претседателот на Комисијата, по што истата беше оневозможена правосилно да одлучува.

На 18.10.2018 година со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија бр.08-6026/1, дотогашниот заменик беше именуван за претседател на Комисијата. Со тоа, Комисијата во тој момент беше составена од претседател и еден член, што значи дека немаше мнозинство од вкупниот број членови и според тоа не можеше да ги извршува законските обврски, односно да работи и одлучува, се додека не се именуваат заменик претседател и членови.

На 08.02.2019 година со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија бр. 08-1065/1, беше именуван нов член на Комисијата. Од тој момент Комисијата имаше претседател и два члена и можеше полноправно да одлучува. Со оглед на наведеното, Комисијата одржа седница на 13 и 14.02.2019 година, на која се фокусира на одлучување по сите заостанати предмети, по кои веќе постапи Секретаријатот на Комисијата. На наведената седница Комисијата постапи по вкупно **457** предмети и донесе **399** решенија и **58** заклучоци. Меѓутоа, веднаш по седницата новонаименуваниот член на Комисијата поднесе оставка до Собранието, која му е констатирана на 14.03.2019 година, а во меѓувреме на 19.02.2019 година му истече мандатот на уште еден од членовите на Комисијата, по што истата остана само со Претседател и одново не можеше полноправно да

одлучува се до основањето на нејзиниот правен наследник - Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

За ваквата настаната ситуација Претседателот на Комисијата во повеќе наврати, усно и писмено, се обрати до Собранието на Република Северна Македонија, барајќи итна разрешница, односно доекипирање на Комисијата заради нејзино натамошно функционирање.

На 22.05.2019 година во „Службен весник на Република Северна Македонија бр.101" беше објавен новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во член 46 од наведениот Закон е утврдено дека овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон. Во член 43 од истиот закон е прецизирано дека Собранието во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе распише јавен оглас за именување на директор и заменик на директорот на Агенцијата и дека Комисијата престанува со работа со денот на отпочнување со работа на Агенцијата. Во ставот 3 од истиот член е допрецизирано дека „Агенцијата отпочнува со работа со денот на именувањето на директор на Агенцијата". Поради наведеното, Комисијата не функционираше до 26.12.2019 година, кога беа именувани директор и заменик на директорот на Агенцијата, иако јавниот оглас беше распишан во јуни 2019 година.

По своето основање на 26.12.2019 година и завршените формалности околу истото, Агенцијата од 10.01.2020 година стави акцент на постапување по заостанатите предмети од 2018 и 2019 година, кои беа над **750**. Постапувањето по истите е завршено.

Инаку, во извештајниот период до Комисијата се доставени **755** жалби. Поради настанатата ситуација, Извештајот во делот на жалбената постапка се однесува за единствената одржана седница во февруари 2019 година, на која е постапено по **457** жалби кои беа пренесени како нерешени во текот на 2018 година и по **14** предмети од 2019 година. Новодоставените **741** жалба, поднесени по 13-14 февруари 2019 година, се префрлени во надлежност на Агенцијата за нејзино постапување во текот на 2020 година.

Во делот на соработката со имателите, информирање на јавноста и меѓународна соработка, како и на планот на остварувањето на едукацијата на службените лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер, анализата на податоците се однесува на целата извештајна 2019 година.

# 2. ВОВЕД

Годишниот извештај за 2019 година го опфаќа работењето на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во делот на остварувањето на нејзините основни надлежности.

Без разлика на околностите во кои се најде Комисијата, не по сопствена вина, а кои се подробно образложени во Резимето, таа продолжи со својата Мисија, со единствена цел да го заштити остварувањето на уставно загарантираното право на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, преку ефикасно и независно спроведување на жалбената постапка, преку континуирано информирање на јавноста и едукација на имателите на информации.

Инаку, во текот на 2019 година до Комисијата беа доставени **755** жалби против управни и реални акти на првостепените органи, или против молк од страна на имателите на информации. Дури **677** од вкупниот број жалби се поднесени поради молчење на управата. Поголемиот број од жалбите се доставени од правни лица, односно од здруженија на граѓани и фондации (**621**), а од физички лица се доставени **134** жалби. Интересно е дека најголемиот број од жалбите (**411**) се поднесени против здравствени организации и тоа од страна на исто здружение на граѓани, во рамки на спроведување на негови проектни активности. Против државни институции се поднесени **130** жалби, **97** против општини, **43** против јавни претпријатија, **38** против судската власт, против правни и физички лица кои што вршат јавни овластување беа насочени **20** жалби, а **15** против образовни институции.

Комисијата, поради погореобразложените причини, постапувајќи по жалбите на седницата одржана на 13-14 февруари 2019 година, реши само **14** предмети од 2019 година, со кои во 13 случаи ги уважи жалбите и им наложи на првостепените органи да постапат по барањата за пристап до информации, а само во еден случај донесе решение со кое жалбата ја одби како неоснована. Преостанатите **741** жалба се префрлени за постапување во 2020 година.

За разлика од минатата извештајна година, од вкупно **1.257** иматели на информации, Годишен извештај за примената на законот до Комисијата доставија **1.047** иматели, односно **83,29** проценти од нив, додека законската обврска не е исполнета од **210** институции, или **16,71%** од имателите на информации.

Како што веќе нагласивме, во неможност да ги користи своите буџетски финансиски ресурси, законската обврска за преземање на активности за едукација на имателите на информации Комисијата ја исполни преку одржување на 4 обуки во рамките на претходно воспоставената соработка помеѓу Комисијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Како и во речиси сите досегашни извештаи, мора да се нагласи дека и сега е констатирано дека за поуспешно остварување на својата улога согласно законските надлежности, Комисијата (сега Агенцијата) има потреба од квалитативно кадровско доекипирање, како и посилна буџетска поддршка како

би можела подобро да пристапи кон јакнење на развојната страна во работењето.

Во Законот донесен во мај 2019 година се содржани неколку новини, од кои пред се ги истакнуваме следните:

-Комисијата е трансформирана во Агенција, што значи од колегијален орган, стана инокосен орган;

-попрецизно се дефинирани имателите на информации;

-како иматели се придодадени и политичките партии во делот на приходи и расходи;

-појаснет е јавниот интерес во остварувањето на правото на пристап до информација од јавен карактер и

-утврдено е формирање на Прекршочна комисија со задача да води прекршочни постапки и да изрекува прекршочни санкции.

Визијата на Агенцијата е да биде препознавана и респектирана од имателите, барателите и целокупната јавност како основна институција надлежна за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која придонесува за зголемена отчетност и транспарентност во општеството.

# 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА:

Комисијата, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија"бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/15, 55/2016 и 64/2018) работеше како независен државен орган, во состав - претседател, заменик на претседателот и три члена, кои функцијата ја извршуваа професионално, со мандат од 5 години, со право на повторен избор. Претседателот, заменикот и членовите на Комисијата ги именуваше и разрешуваше Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Согласно член 33 од истиот Закон, Комисијата работите од својата надлежност ги вршеше на седница, а работеше и одлучуваше со мнозинство од вкупниот број членови.

Меѓутоа, Комисијата не можеше да работи во полн состав во целиот извештаен период, а на крајот остана само со Претседател, односно во ниту еден момент го немаше законски потребниот број на членови и беше принудена накусо да функционира со претседател, негов заменик и еден член, на кои мандатот им престана уште во текот на вториот месец од годината.

Агенцијата, како законски наследник на Комисијата, по исполнувањето на сите законски обврски, односно по назначување на директор и заменик директор на истата, е формирана на 26.12.2019 година, ден од кој требаше да продолжи како нов правен субјект ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019). Практично, по завршувањето на административните задолженија, официјално почна со работа на почетокот од 2020 година.

До денот на отпочнување со работа на Агенцијата, односно до примената на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата работеше и донесуваше одлуки во согласност со надлежностите утврдени во член 32 од претходниот Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека:

- одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации; - се грижи за спроведување на одредбите од овој Закон;
- подготвува и објавува листа на иматели на информации;
- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободниот пристап до информации;
- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат;
- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;
- дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на Буџетот на Република Северна Македонија;
- донесува Деловник за својата работа;

- подготвува Годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Северна Македонија;

- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Северна Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;

- донесува акти со кои го уредува начинот на работата и организацијата на Комисијата;

- врши промоција на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и

- врши и други работи утврдени со овој и друг Закон.

Управните, стручните и другите административно–технички работи, во овој период, ги врши Секретаријатот на Комисијата.

Според тогашниот Правилник за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, во Секретаријатот на Комисијата формирани се два сектора:

- Сектор за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и

- Сектор за соработка со имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Секторите имаат по две (2) Одделенија. Надвор од секторите постои Одделение за финансиски прашања.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Комисијата, систематизирани се дваесет и девет (29) работни места, од кои пополнети се деветнаесет (19) работни места. Од нив шеснаесет (16) се со високо образование, а три (3) се со средно образование. Квалификационата структура на вработените со високо образование е следна: седум (7) се дипломирани правници, тројца (3) се со Филолошки факултет, еден (1) е дипломиран новинар, еден (1) е со Филозофски факултет, двајца (2) се дипломирани економисти, еден (1) е дипломиран менаџер по маркетинг и еден (1) е дипломиран менаџер за управување со човечки ресурси. Со средно образование се тројца (3) вработени, од кои еден (1) е со угостителскотуристичка струка и двајца (2) се со средно трговска струка.

Според категории на административни службеници, состојбата е следна: - Раководител на Сектор; - Помошник раководител на Сектор; - Двајца (2) Раководители на Одделение; - Двајца (2) советници; - Девет (9) помлади соработници; - Еден (1) самостоен референт; - Тројца (3) помлади референти.

Од вкупниот број вработени, осум (8) се од македонска национална припадност (42%), пет (5) се од албанска национална припадност (26%), четири се (4) од влашка национална припадност (21%) и двајца (2) се од ромска национална припадност (11%).

Седум (7) вработени се од машки пол, а дванаесет (12) од женски пол, на возраст од триесет (30) до шеесет и шестгодишна (66) возраст.

Двајца (2) вработени работат со скратено работно време.

Процент од вкупниот број на вработени по национална припадност во Секретаријатот на Комисијата:

| | Систематизирани работни места | Пополнети работни места | Процент од вкупен број на вработени | Високо образование | Средно образование |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | 8 | 42% | 7 | 1 |
| Албанци | | 5 | 26% | 5 | |
| Власи | | 4 | 21% | 4 | |
| Роми | | 2 | 11% | / | 2 |
| Вкупно | (28) | 19 | | | |

Напоменуваме дека, во текот на овој извештаен период, покрај тоа што на 19.02.2019 година му претстана мандатот на еден член на Комисијата, од 30.06.2019 година Секретаријатот на истата остана со упразнето место Помошник раководител на сектор за постапување по жалби, правни и општи работи, поради пензионирање на вработениот. Од почетокот на наредната година во пензија ќе замине Раководителот на секторот и на еден раководител на одделение.


Комисија
Одделение за Финансиски прашања
Генерален Секретар
Секретаријат
Сектор за спроведување на постапка по жалби,правни,едукативни,аналитички и општи работи
Сектор за соработка со имателите на информации,информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации
Одделение за спроведување на постапка по жалбите,правни и општи работи
Одделение за аналитика и едукација на барателите и имателите на информации од јавен карактер
Одделение за соработка со иматели на информации и информирање на јавноста
Одделение за меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер

**Органограм**

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА:

## 4.1. Одлучување по жалби

Како второстепен орган во постапката по жалби поднесени од баратели на информации, Комисијата одлучуваше во случаи кога имателите не постапиле по барањата за пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок, или пак до барателите доставиле одговори, известувања, или управни акти од кои барателите не биле задоволни. Правото на Жалба, согласно Законот, го користеа барателите кои поднеле усно, писмено или електронско Барање за пристап до информации од јавен карактер. Комисијата, веднаш по добивањето на жалбите, истите ги препраќаше до имателите на информациие, со цел во рок од седум дена да добие произнесување и комплет списи по истите, со цел веднаш да постапи, запазувајќи го законски предвидениот рок. Единствено во случаите кога жалбите се изјавувани против молчење на администрација, Комисијата донесуваше решенија со кои им наложуваше на првостепените органи да постапат по Барањето на барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од седум дена од приемот на Решението.

Обработените податоци покажуваат дека во извештајната 2019 година до Комисијата се поднесени вкупно **755** жалби, со што за **133** е надмината бројката од **622** изјавени жалби во претходната 2018 година.

Состојбата на поднесените жалби од страна на барателите на информации по месеци е следна: во месец јануари се поднесени **17** жалби, февруари-**46**, март-**83**, април- **25**, мај-**51**, јуни-10, јули-**411**, август-**36**, септември-**16**, октомври-**14**, ноември-**19** и во месец декември-**27** жалби.(**во Прилози: Графикон 1**)

Од вкупниот број на поднесени жалби до Комисијата, **134** се изјавени од физички лица, додека **621** жалба од правни лица – речиси сите здруженија на граѓани. За обележување е дека сите **411** поднесени жалби во текот на месец јули се од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ-Скопје, што претставува повеќе од половина од вкупно поднесените жалби во 2019 година. (**во Прилози: Графикон 2**)

Погоренаведениот број на жалби од само едно здружение на граѓани, исклучиво поднесени поради молк на управата, го крева бројот на изјавените жалби против молчење на администрацијата на вкупно **677**, што претставува голем процент во однос на вкупно **755**-те поднесени жалби во текот на извештајната година. Ова укажува на фактот за непостапување на имателите на информации по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок.

Против Одговор на имателите на информации од јавен карактер, барателите на информации до Комисијата поднесоа **59** жалби, против Решенија на имателите на информации за одбивање на пристапот до бараната информација поднесени се **16** и **3** жалби се поднесени против донесен Заклучок од страна на имателите на информации.

## 4.2. Решени предмети и нивна структура

Комисијата во текот на 2019 година одржа само една (1) седница (на 13 и 14 февруари) и постапи по вкупно **457** предмети пренесени од 2018 година и по 14 предмети од тековната 2019 година. Од спроведената постапка по жалби произлегоа **399** решенија и **58** заклучоци. Останатите **741** жалба, примени во Комисијата по 14.02.2019 година, поради немање законски можности за одлучување, пренесени се за постапување во текот на наредната 2020 година. (**во прилози: Графикон 3**)

Во однос на решените предмети и нивната структура, состојбата е следна:

-**237** решенија со кои Жалбата се уважува и се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот;

-**107** решенија со кои Жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

-**18** решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована;

-**14** решенија со кои Жалбата се отфрла како ненавремена/ недопуштена/предвремена;

-**23** решенија со кои Жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган;

- **58** заклучоци со кои се запира постапката по Жалба поради повлекување на истата, или поради добиен одговор во меѓувреме. (**во прилози: Графикон 4**)

### 4.3. Жалби поднесени против имателите на информации:

По однос на поднесените жалби против имателите на информации, податоците го покажуваат следното:

- најголемиот број на жалби (**411**) се изјавени против здравствени организации и установи (од страна на еден барател на информации);

- против државни институции се поднесени **130** жалби;

-**97** жалби против општини;

- против јавни претпријатија и установи – **43** жалби;

-**38** жалби против судската власт;

-**20** против правни или физички лица што вршат јавни овластувања и

-**15** против образовни институции.

-**1** жалба поднесена до неимател на информации. (**во прилози: Графикон 5**)

## 4.4. Карактер на поднесени жалби:

Комисијата располага со податоци од кои може да се утврди дека во извештајната 2019 година најмногу жалби се поднесени против: државните институции, општините, јавните претпријатија, здравствените установи и судската власт. Реализираните работилници со службените лица кај имателите на информации не дадоа соодветен ефект во отстранување на најчестата

причина за поднесување на жалби до Комисијата - молкот на управата. Жалби се поднесени и поради незадоволство на барателите од добиени одговори од имателите на информации и против добиени решенија за одбивање на пристапот до бараните информации.

Најчесто споменувано незадоволство на жалителите од постапувањето на имателите на информации е во врска со барања кои се однесуваа на:

- евиденции и извештаи за спроведени јавни набавки, годишни планови за јавни набавки и сл.;
- информации за добиени и потрошени буџетски средства по програми кои третираат конкретни заболувања, третмани на одредени категории лица и.т.н.;
- биографии на членови на надзорни и управни одбори и висина на нивните надоместоци;
- информации за огласи и постапки за вработување;
- копии од потребни докази во судски постапки;
- документација за легализација на објекти;
- документи за сопственост на работните простории на општините;
- бизнис планови за поддршка на самовработувањето и претприемништвото;
- официјални контакти со јавните претпријатија (телефон, е-маил на претпријатието и на директорот);
- документи за возниот парк на јавните претпријатија;
- документи за вкупни трошоци од завршна сметка на буџет и друго.

### 4.4.1. Состојба на предмети по тужби:

Во 2019 година, според евиденцијата на Комисијата, против нејзините конечни одлуки, од кои некои датираат од 2014 година, беа поднесени вкупно **29** тужби. Управни спорови се покренати од страна на **18** правни лица (од кои **11** се од ист имател на информации) и **11** од страна на физички лица (од кои **8** се од ист барател на информации).

Управни спорови се покренати против:

-**14** решенија на Комисијата со која жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

-**2** решенија на Комисијата со која жалбата се уважува и се наложува имателот да постапи согласно Законот;

-**9** решенија на Комисијата со кои жалбата се одбива како неоснована и

-**4** Решенија со кои жалбата се отфрла како недозволена, или недопуштена.

Комисијата постапи по сите поднесени тужби и достави одговор до Управниот суд.

Постапувајќи по наведените тужби Управниот суд во 2019 година донесе:

- **8** Пресуди со кои тужбата се одбива како неоснована и

- **1** Решение со кое тужбата се уважува.

Во истиот период до Комисијата се доставени и **6** Жалби против одлуки на Управниот суд со кои тужбите на тужителите ги одбил како неосновани, или ги отфрлил како недопуштени.

Вишиот управен суд постапил по овие и по претходно поднесени Жалби против одлуките на Управниот суд и донел:

**-17** Пресуди со кои Жалбата се одбива како неоснована и

**-1** Пресуда со која предметот го враќа на повторно постапување на Управниот суд.

Видно од погоренаведената статистика, Управниот суд и Вишиот управен суд и во овој извештаен период донесоа одлуки со кои тужбата/жалбата се одбива или отфрла, со што фактички се потврдуваат одлуките на Комисијата, од што може да се заклучи дека Комисијата постапувајќи по жалбите донела правилни и врз закон засновани решенија.

#### 4.4.2. Спроведување и искуства од примената на Законот:

Досегашното 14 годишно работење на Комисијата и имплементирање на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер искуствено посочуваат дека барателите на информации најмногу информации бараат од државните институции како иматели на информации. Слично, како и во претходните извештајни периоди, е регистриран најголем број на жалби поднесени поради молчење на управата, што упатува на заклучок дека најчеста причина за поднесување жалби до Комисијата е неспроведувањето на Законот од страна на имателите на информации од јавен карактер, поточно непостапувањето по Барањата од страна на првостепениот орган во законски предвидениот рок. Навистина, во многу случаи имателите реагирале дури по истекот на рокот предвиден во Законот и по поднесување на Жалбите, но со посредство на Комисијата и ги доставувале бараните информации, но тоа не коинцидира со остварувањето на целта на Законот, а тоа е брзо и ефикасно овозможување пристап до информациите од јавен карактер.

Поради наведената ситуација, и во текот на оваа извештајна година, Комисијата донесе голем број на Решенија со наложување имателите да постапат согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 7 дена од добивањето на Решението.

Следејќи ја практичната примена на Законот, Комисијата утврди дека за подобра имплементација се потребни измени и дополнувања на истиот. За таа цел, уште во 2018 година Министерството за правда формираше Работна група составена од претставници на Комисијата, невладиниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Како резултат од работењето на оваа Работна група во мај 2019 година, донесен е нов Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, со есенцијални промени на постојниот. Со новиот Закон Комисијата се трансформира во Агенција, односно новиот правен субјект станува законски

наследник на Комисијата, преземајќи ја нејзината дејност и сите нејзини ресурси во целост.

Тоа значи дека повеќе не е колегијално, односно колективно тело, туку станува инокосен орган предводен од директор и заменик директор.

Од причини што Агенцијата е основана на 26.12.2019 година, примената на новиот Закон, односно неговата имплементација почнува од почетокот на наредната 2020 година.

### 4.4.3. Листа на иматели на информации:

Згаснувањето,трансформацијата (спојувањето) на веќе постоечки и евидентирани иматели, но и формирањето на нови институции и субјекти, наметнаа потреба од неодложно натамошно ажурирање на Листата на иматели, независно од нефункционирањето на Комисијата до самиот крај на 2019 година.

Со додавањето на **4** нови иматели и бришењето на **3** образовни институции, вкупниот број на евидентирани иматели достигна **1.257**, или за **1** повеќе во однос на извештајната 2018 година.

Промени има во делот од Листата со образовните институции од сите степени, кој сега брои вкупно **551** имател, или за еден помалку во однос на 2018-та година. Тоа се должи на отстранувањето од Листата на Петта приватна гиманзија, која е згасната, како и на основните училишта „Благој Кирков“ и „Ј.Х.К. Џинот“ од Велес, со чие што спојување со одлука на Советот на Општина Велес е основано новото Општинско основно училиште „Панко Брашнаров“. Во исто време, во овој дел од Листата, како нов имател е евидентиран ОСУ Втора гимназија „7 Марси“ од Тетово, која самоиницијативно достави податоци за определеното службено лице и Годишен извештај за имплементација на Законот во 2019 година.

Со додавањето на новоформираните Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и Оперативно-техничката агенција-Скопје, за два имател е проширен делот од Листата со државни институции и сега изнесува **126.**

Непроменет е бројот на иматели во линковите со здравствени установи **108**, општините во Република Северна Македонија **82**, кај јавните претпријатија и установи со **279.** Нема измени ниту кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања со **28** иматели, како и во линкот судска власт кој брои **83** иматели**. (во прилози: Графикон 6)**

### 4.4.4. Содржина на Годишни извештаи:

Од извештаите во кои е содржан опис на применете барања, произлезе дека физичките лица, а пред се Здруженијата на граѓани и фондации го искористиле своето законско право од имателите на информации од јавен карактер да побараат одговор на бројни прашања од најразличен карактер.

Доминантни се барањата на информации поврзани со располагањето со буџетски и донаторски средства, конкретни тендерски постапки, спроведени јавни набавки и е-аукции, барања во врска со назначувањето и остварените приходи на одделни членови на управни и надзорни одбори и комисии, спроведени постапки за отворање на нови работни места на определено и неодредено време, вкупен број на странски компании корисници на државна

помош, како и списоци со корисници на финансиска поддршка кои во управувачката структура имаат носители на јавна функција.

Обраќајќи се до државните институции, барателите пројавиле интерес и за Извештајот на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата на недвижниот и движен имот на подрачјата на Тетовскиот и Скопскиот регион, како последица на зголемен обем на врнежи и поплави, за извештаи за сработеното на министрите во извештајниот период, како и за бројот на примени претставки за незаконито постапување на функционери именувани од Владата на РСМ. Трошоците врзани за посетата на Папата и од кој буџет се издвоени средствата, Информација за постапување по препораките на УНЕСКО, податоци за вкупни количини на примен медицински отпад во депонијата Дрисла, финансиски средства издвоени за спречување и контрола на загадување на воздух, вода и почва, исто така се составен дел на извештаите на одделни државни институции.

Меѓу барањата упатени до општините, најбројни се оние за одредени состојби во областа на урбанизимот и комуналната сфера, потоа барања за издадени или усвоени документи, дозволи и решенија, потрошени средства за проектни и промотивни кампањи, барања на списоци со населени места, информации за назив на закуподавецот и износ на закупнина која се плаќа за работни простории користени од одделни единици на локална самоуправа, критериуми според кои се градат, доградуваат, реконструираат и санираат улици, како и за број на противпожарни возила, по марка, тип и година на производство.

Органите на судската власт примиле барања за бројот на претставки и поплаки поднесени од граѓани и правни лица во врска со работата на одделни судови и судии, за информации поврзани со функционирањето и примената на АКМИС системот, одлуки за одземање на имунитет на судии по разни предмети. Податоци за граѓански предмети во кои се преслушувани тонски записи, број на примени тужби по основ на дискриминација, податоци за осудени лица заради активности во областа на корупцијата, односно за активности во областа на организираниот криминал, број на странки ослободени од плаќање на трошоците на постапката, како и за тоа колку вкупно постапки се водат против лица кои ги попречувале изборите и гласањето, се составен дел на барањата, кои исто така биле упатени до судските органи.

Граѓаните барале увид во склучени договори со медиуми, продукциски куќи и веб портали, фотокопии од акти врз основа на кои се исплаќаат надоместоци, фотокопии од склучени договори со адвокатски канцеларии и адвокати и договори за исплата на надоместот за нивните услуги, а се интересирале и за Прашалникот за параметри на управување на јавните претпријатија во државна сопственост, но и за начинот и постапката за згрижување и заловување на животни скитници од јавни површини.

Од здравствените установи главно се барале податоци за состојбата со повеќе заразни болести, документација за создаден медицински отпад, по вид и потекло и постапување со истиот, информации за број на санитетски возила набавени на лизинг, донирани или добиени на користење од друга институција според марка, модел и набавна вредност, податоци за број на заболени лица од болести на зависност според пол и возраст во одредени региони, број на лекари упатени на специјализација, како и здравствени табели со индикатори за стапката на насилство врз децата.

### 4.4.5. Годишни извештаи на имателите:

Од вкупно **1.257** институции, установи, органи и други субјекти евидентирани на Листата на иматели, во пропишаниот рок, годишни извештаи доставија **1.047** или **83,29**% од имателите. Во бројот на пристигнати извештаи се содржани и **6** извештаи кои поради воочените пропусти и недостатоци, се нецелосни односно невалидни, а показателите, пред се нумеричките содржани во нив, не беа земени во предвид. Службените лица задолжени за имплементација на Законот кај **210** институции, или кај **16,71**% од имателите внесени во Листата, во предвидениот рок не доставија годишни извештаи, па за овие институции не може да се утврди дали имало поднесени барања согласно законот и како било постапено по нив.

Независно што бројот на доставени извештаи е за **84** поголем во однос на претходната извештајна година, анализата на имплементацијата на Законот, покажа, движења и постигнувања кои во многу сегменти се слични на резултатите карактеристични за 2018 година. **(во прилози: Графикон 7**).

Од вкупно евидентираните **126** државни институции, годишен извештај доставија **119**, додека **7** иматели не поднесоа извештај за имплементацијата на Законот. Согласно Законот не постапија и **8** од вкупно **82** –те општини, вклучително и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС). Од вкупно **83** иматели од судската сфера, **5** не беа транспарентни и не доставија годишен извештај.

Од вкупно регистрираните **28** правни и физички лица кои вршат јавни овластувања, извештај не доставија **4** иматели, додека службените лица кај **21** од вкупно **108** здравствени установи не постапија согласно законот.

Намален број извештаи компарирано со претходниот извештаен период беа доставени од страна на јавните претпријатија и установи, каде **55** од вкупно **279** регистрирани иматели не ги испочитуваа законските одредби.

За разлика од извештајната 2018 година, драстично поголема транпарентност е воочлива кај институциите од сите степени на образовниот процес, каде **110** од **551** евидентиран имател не доставија извештаи во законскиот рок.

Обработката на извештаите упатува на податок за примени **8.752** барања, од кои службените лица позитивно одговориле **8.299**. Лицата задожени за посредување со информациите од јавен карактер информираат и за одбиени и отфрлени **163** барања по основ на исклучоците пропишани во членот 6, или пак согласно други законски прописи. Во извештаите е содржан податок и за **283** неодговорени барања. Според појаснувањето содржано во предметниот извештај, **125** од нив останале неодговорени поради неусогласеност на временскиот период наведен во барањата на Здружение на граѓани-барателот. **Седум** барања примени пред самиот крај на 2019 година, од страна на имателите се пренесени за постапување во тековната 2020 година.

Во примените и обработени годишни извештаи се прикажани **87** жалби против првостепените одлуки поднесени директно до имателите, по чие што разгледување Комисијата позитивно се произнела по **45** од нив. Институциите известуваат уште и за **5** преиначени првостепени одлуки по постапувањето на Комисијата, за **3** одбиени жалби, како и за **2** отфрлени жалби од нејзина страна. **(во прилози: Графикон 8)**

Лицата задолжени за посредување со информациите кај државните институции евидентирале **4.054** барања, што упатува на констатација дека дејноста на оваа категорија иматели иницирала најголем број барања. Најмногу

барања или **981**, биле доставени до Собранието на Република Сверна Македонија, кое по вторпат едноподруго води во однос на примените барања.

За прашања од делокругот на работњето на општинските власти биле иницирани **1.999** барања, што е респектабилен податок, без оглед што ако се суди според поднесените барања, интересот на барателите во однос на 2018 година, бил помал. До имателите од судската власт биле упатени **845** барања, јавните препријатија и установи нотирале **509** барања, образовните институции во сите степени архивирале **353** барања, додека службените лица кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања имале обврска да одговорат на **96** барања.

Споредено со претходниот извештаен период, зголемен интерес граѓаните и здруженијата на граѓани и фондации пројавиле за функционирањето на здравствените установи до кои биле адресирани **896** барања. **(во прилози: Графикон 9 и 10)**

Како имател на информации од јавен карактер, Комисијата прими **17** барања, од кои на **5** беше позитивно одговорено, додека **12** барања беа пренесени во 2020 година, а по кои беше постапено во почетокот на годината.

### 4.4.6. Соработка со службени лица кај имателите:

Секретаријатот на Комисијата беше достапен за службените лица секогаш кога кај нив ќе се наметнеше потреба од консултација. Најчесто се бараа совети и мислења за тоа како правилно да се постапи или одговори на одредено барање, дали требало или не да биде одбиен пристапот, дали конкретен податок треба да биде даден или пак спаѓа во категоријата исклучок, како и за тоа дали правилно бил спроведен тестот на штетност.

Воедно, Одделението за соработка со имателите, низ целата година инсистираше и потсетуваше на должноста и обврската на имателите да определат едно или повеќе службени лица, но и редовно и проактивно да ги ажурираат податоците и информациите кои ги создале и со кои располагаат. Во укажувањата до службените лица упорно се настојуваше Листите на информации на веб локациите да бидат објавувани на прегледни места, со напомена дека оваа обврска веќе е, но и ќе биде предмет на посебен мониторинг.

И покрај тоа што не постои законска обврска, пред истекот на 2019 година, а со цел поефикасна примена на Законот, на службените лица по електронска пошта им беше доставено известување со кое беа потсетени дека почна примената на новиот Закон и дека се должни да достават Годишен извештај за имплементацијата на Законот. Ваков потсетник по мејл беше дистрибуиран до сите **1.257** евидентирани иматели, а до **19** институции чии што мејлови се покажа дека не функционираат, Известувањето беше доставено и по пошта.

За време на едномесечниот период предвиден за доставување на годишните извештаи, Секретаријатот практикуваше постојано отворена телефонска линија за лицата задолжени за посредување со информациите од јавен карактер. Во бројните остварени контакти службените лица посебно се интересираа за правилното пополнување и заверката на новиот образец за Годишен извештај согласно одредбите содржани во новиот Закон, но и за новододелените делегирани надлежности.

Во извештајниот период, одделни иматели доставија акт за назначување на вкупно **115** службени лица, додека од стартот на работата на Агенцијата во

прилог на годишните извештаи, пристигнаа решенија за **139** службени лица. Од нив **102** беа новоназначени, додека за **37** лица кои и дотогаш посредувале со информациите, беше изготвено Решение согласно новиот Закон. Со цел што поуспешно да одговорат на обврските што за нив произлегуваат од новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, значителен дел од нив покажаа интерес, а воедно и иницијатива за организирање на обуки за одредбите на новиот Закон.

Настојувајќи да обезбеди поедноставен, поевтин и побрз начин на меѓусебна комуникација,Секретаријатот креираше и посебен мејл за доставување на годишните извештаи, на кој по електронски пат беа доставени, односно примени извештаите на **482** иматела.

### 4.4.7. Обука и едукација:

И во текот на 2019 година, продолжија активностите на планот на едукација на службените лица кај имателите на информации од јавен карактер. Комисијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, (како дел од активностите од проектната апликација усвоена во 2017 година), реализираше циклус од четири еднодневни работилници, односно обуки на тема: „Имплементација на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер – новини и предизвици“. Две од обуките се случија во Скопје, а две беа регионални и се одржаа во Велес, односно Тетово.

Со обуките беа опфатени вкупно **80** новоназначени и службени лица кои не посетувале обука, од министерства, агенции, бироа, инспекторати, општини, органи на судска власт, здравствени установи, меѓуопштински центри и од образовни институции, до кои барателите упатиле најголем број барања по основ на Законот за слободен пристап до инфрмации од јавен карактер.

Пред службените лица беа презентирани клучните новини во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,донесен од Собранието на Република Северна Македонија на 16 мај 2019 година.

За разлика од претходните обуки, овие едукативни средби имаа поинаков, односно нагласен интерактивен и интеркомуникативен пристап, а службените лица, имаа можност и повеќе време да дебатираат и поставуваат прашања во врска со новите законски одредби, да ги разјаснат дилемите и да разменат мислења во врска со примената на Законот.

### 4.4.8. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности:

Нецелосни и невалидни беа извештаите на шест иматели во кои беа воочени неправилности и пропусти, поради што податоците, пред се нумеричките, не се земени во предвид при изготвувањето на овој Годишен извештај на Комисијата.

Спротивно на законот, пополнети се извештаите на две јавни претпријатија и на по една јавна установа, меѓуопштински центар за социјална работа, образовна институција, како и на едно правно лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон.

### 4.4.9. Веб локација на Комисијата:

Веб локацијата www.komspi.mk во извештајниот период редовно се ажурираше и надополнуваше. Во Листата на иматели се внесуваа промените настанати со згаснувањето и трансформацијата на веќе постоечки и евидентирани иматели, но и како резултат на формирањето на нови институции. Овој дел од веб страната на дневна основа се ажурираше и надополнуваше и со променетите адресни и контакт податоци на одделни иматели, односно со генералиите за новоназначените службени лица.

На веб страната беа поставени и Годишниот извештај за работата на Комисијата во 2018 година, како и Буџетот за 2020 година.

Со соодветни извештаи беа одбележани и девет реализирани средби со граѓани во функција на подигнување на нивната свест и зголемено користење на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, четири обуки за службени лица, како и средба на претседателот на Комисијата со претставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

### 4.5. Јавност во работата:

Претседателот на Комисијата во два наврата гостуваше на Алсат телевизија, од кои еднаш во контактната емисија 360 степени. Тој одговараше на новинарски прашања во врска со проблемите при имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, предизвикани од нефункционирањето на Комисијата, како последица од нејзиниот непотполн состав и неможноста полноправно да донесува одлуки.

Во гостување остварено на покана на ТВ21 на албански јазик, Претседателот на Комисијата ги соопшти и ги коментираше најсуштинските новини и законски решенија содржани во новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

На самиот почеток на имплементацијата на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, претставник на Секретаријатот гостуваше во утринските програми на ТВ-Алфа и Слободна ТВ. Притоа пред гледачите ги презентираше новините кои ги носи новиот Закон, а се осврна и на измените во постапувањето по барањата за пристап до информации од јавен карактер од страна на имателите на информации.

# 5. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во рамките Меѓуинституционална и Меѓународна соработка на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2019 година беа изготовени и реализирани проектни активности во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, проектни материјали за ИПА проект, подготовка на Извештаи, учество на обуки и учество во работни групи во соработка со Делегација на Европска унија, МИОА, МП и СЕП, како и со организации од невладиниот сектор.

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за периодот 1 јануари до 26 декември 2019 година ги има реализирано следните активности:

## 5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

### 5.1.1. Реализација на Проектни апликациии во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Во 2019 година, беа реализирани последните активности од проектната апликација за „Три годишна соработка и активности за Комисијата“ која беше прифатена од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во 2017 година.

Во рамките на горенаведената проектна апликација во 2019 година беа реализирани и организирани последните четири (4) работилниците, поточно обуки за службени лица кај имателите на информации задолжени за посредување со информации од јавен карактер, од кои две (2) беа во Скопје, и две (2) регионални во Велес и Тетово.

Еднодневните обуки на тема: „Имплементација на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер – новини и предизвици“ на која присуствуваа триесетина новоназначени и службени лица кои досега не посетувале обука, а до кои барателите упатуваат најголем број барања по основ на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Пред службените лица беа презентирани клучните новини во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,донесен од Собранието на Република Северна Македонија на 16 мај 2019 година. За разлика од досегашните обуки, овие едукативни средби имаа поинаков, односно нагласен интерактивен и интеркомуникативен пристап, а службените лица, имаа можност и повеќе време да дебатираат и поставуваат прашања во врска со новите законски одредби, да ги разјаснат дилемите и да разменат мислења во врска со примената на Законот.

### 5.1.2. Отворено владино партнерство

Вработен во Секретаријатот на Комисијата активно партиципираше во активностите предвидени со Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година.

Во 2019 година, преставник од Секретаријатот на Комисијата учествуваше на девет средби со граѓаните од Шуто Оризари, Свети Николе, Виница, с.Црник, Делчево, Тетово, Битола и Струмица, согласно мерката „Зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права за пристап до информации од јавен карактер и зголемено користење на правото од страна на граѓаните“. На средбите од страна на претставниците од Комисијата и Здружението ЕСЕ, граѓаните беа запознаени со нивното уставно и законски загарантирано право на слободен пристап до информациите од јавен карактер, преку примери од секојдневните потреби на граѓаните и како да дојдат до бараните информации преку законската постапка која е утврдена со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

### 5.1.3. Стратегија за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година

Во Акцискиот план на Стратегија за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 СРЈА, Комисијата е носител на активности наведени во Посебна Цел 3.4 ,,Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата помеѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата,“ за кои се изготвени Пасошки индикатори за Мерка 3.4.1, за активности кои се однесуваат за Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, поточно Активност 3.4.1.5 и Активност 3.4.1.6.

Според изготвениот материјал наведен во Пасошките индикатори, Комисијата како водечка институции на три активности предвидени во Акцискиот план на СРЈА (2018 – 2022) имаше обврска да подготвува и доставува информација до МИОА за статусот на реализација на активностите предвидени за точките I и II, како и за III и IV квартал за 2019 година.

По однос на Пасошкиот индикатор 47 од **Активност 3.4.1.5**, се обработуваат проценти на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на институциите, поточно од 128 органи на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт.

За 2019 година од 128 органи на државна управа, агенции и инспекциски служби од централната власт, 2,9% не поднеле Годишен извештај. Процентуалната вредност на овој индикатор се пресметува според предходно утврдена формула, имено, вкупниот број на барања поделени со вкупниот број на одбиени барања. Од обработените податоци од 122 иматели од централната власт, барателите поднеле вкупно 2379 барања од кои 69 се одбиени, односно 3,4% за 2019 година.

Од изработените параметри може да се заклучи дека интересот на барателите да добијат информации по однос на Законот варира од 2015 заклучно со 2019 година. Така во:

- 2015 година процентот е 6,5 %,
- 2016 година 4,1 %,
- 2017 година 7,2 %,
- 2018 година тој изнесува 3,1 %,
- 2019 година процентот е 3,4%

По однос на Пасошкиот индикатор 48, за **Активност 6.1.5** Мониторинг на веб локации на иматели на информации во врска со спроведувањето членот 9 и членот 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер:

Согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2020 година, во посебната цел 3.4., предвидена е **Мерка 3.4.1.6** Зајакнување на механизмите за достапност на информациите од јавен карактер.

Во 2019 година Комисијата спроведе мониторинг на веб локациите на имателите на информации на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт. Вкупниот број, според Каталогот на институции е 128 иматели, од кои 7 институции не се иматели на информации, бидејќи како извор на податоци ќе се користи Каталог на институции, а не Листата на Иматели на информации на Комисијата.

Мониторингот беше спроведен според однапред утврдена методологија преку преглед на сите документи кои институциите се надлежни да ги објавуваат согласно член 9 и член 10 став 1 од Законот за слободен пристап до информации

од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018).

Согласно, член 9 и членот 10 од горенаведениот Закон, вкупно 10 документи беа мониторирани од секоја веб локација и беа бодувани со:

а. 1 бод за институциите кои имаа објавено целосен документ од горенаведените 10

б. 0,5 бодови за институциите кои имаа објавено делумен документ од гореаведените 10

в. 0 бодови за институциите кои имаа објавено никаков документ од горенаведените 10

За секоја веб локација, односно за секој имател беше направен збир од сите бодови изразени во проценти од горенаведените 10 документи.

Резултатите од бодувањето на трите групи за 121 иматели на информации/институции на органи на државна управа, агенции и инспекциски служби се следни:

1. **85** институции кои имаат објавено од 7 до 10 документи од горенаведените 10;
2. **17** институции кои имаат објавено од 4 до 6 документи од горенаведените 10;
3. 0 институции кои имаат објавено од 1 до 3 документи од горенаведените 10.

Додека **19** институции се бодувани со = 0 бодови од кои:

- **9** инситуции немаат свои веб локации се иматели - (органи во состав) за кои друг имател доставува Годишен Извештај до Агенцијата, најчесто ресорното Министерство
- додека, **10** иматели немаат свои веб локации и се бодувани со 0.

Разликата помеѓу 2018 и 2019 година е во тоа што оваа година нема инститции од 3-тата група со 1 до 3 докумети објавени.

Исто така, направена е компаративна анализа помеѓу 2018 год и 2019 год во која се нотирани институции кои покажале опаѓачки тренд во објавување на информации на своите веб локации.

Од мониторираните 121 институција, кај вкупно 21 институциии во 2019 година при мониторирањето е констатиран опаѓачки тренд на објавување на информации, од кои 10 се на врвот од листата со забележано намалување при бодирањето со разлика од 2-3 поени од минатиот мониторинг. Додека кај вкупно 16 институции, 8 институции демонстираа растечки тренд на објавени информации во 2019 на своите веб локации.

| | ГОДИНА | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| | **Име на институција** | **ВКУПНО** | **ВКУПНО** |
| 25 | АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО | 8.5 | 6.5 |
| 47 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РСМАКЕДОНИЈА | 8.5 | 6 |
| 50 | ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО | 7 | 4 |
| 54 | ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД | 7.5 | 4.5 |
| 82 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 9 | 5 |
| 87 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 8.5 | 4.5 |
| 89 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 8 | 5.5 |
| 99 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ОДНОС МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ (Секретаријат за спроведување на рамковниот договор) | 7 | 0 |
| 127 | ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ | 10 | 8 |
| 128 | ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 9.5 | 6 |

**Табела 2: Инситутции со опаѓачки тренд на објавени информации во 2019 година**

| | ГОДИНА | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| | **Име на институција** | **ВКУПНО** | **ВКУПНО** |
| 7 | АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ | 0 | 7 |
| 124 | ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ | 4.5 | 7 |
| 29 | БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ | 7 | 9.5 |
| 32 | БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 5 | 8.5 |
| 64 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН | 8 | 10 |
| 67 | ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 6.5 | 9 |
| 123 | ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА | 6.5 | 8.5 |
| 84 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 7 | 9 |

**Табела 3: Инситутции со растечки тренд на објавени информации во 2019 година**

И во текот на 2020 година, продолжува заедничката соработка на Агенцијата со институциите, како Министерство за комуникации, транспаретност и отчетност, и соработката со МИОА и СЕП, кои евидентно вродуваат со продуктивни иницијативи и заедничко влијание за зајакнување на Законот во системот.

## 5.2. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА РАБОТНИ ГРУПИ

Во 2019 година, Комисијата беше активен член во работата на Секторската работната група за Приоритетна област 3: Одговорност, отчетност и транспарентности за „Стратегија за реформа на јавната администрација 2018

– 2022“ и Акцискиот план. Секторската работната група се состануваше еднаш месечно во текот на 2019 година.

Во ноември 2019 година, Комисијата беше активен член во работата на Пленарната сесија на Секторската работна група за РЈА.

Агенцијата, како член, активно ќе продолжи да учествува во работата на Секторската Работна Група (СРГ) за реформа на јавна администрација и во текот на 2020 година и со изготвување на Извештаите и информации за статус на реализација.

Претставници од Секретаријатот на Комисијата активно партиципираа во работната група задолжена за подготовка на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021). Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер ќе има значајна улога и во реализацијата на Акцискиот план, со помош на кој ќе се реализираат зацртаните содржини во Стратегијата.

Во октомври 2019 година, Комисијата учествуваше на првиот состанок на ИПА Секторскиот Комитет за Мониторинг за областа Демократија и управување.

Претставник на Комисијата учествуваше како панелист на вториот ден на 15-та конференција со наслов: „е-Општество: Отворени институции и отчетност“, организирана од Фондацијата „Метаморфозис“, каде беше промовирана Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021).

## 5.3. ПОСЕТА НА ОБУКИ

### 5.3.1. Тридневна обука на тема „Мониторинг и евалуација на политики“ од 13 до 15 март 2019 година во Скопје

Посета на тридневна обука на тема „Мониторинг и евалуација на политики“ во организација на Центар за управување со промени.

Обуката беше дел од проектна активност во рамки на проектот „Носење промена – ефективност и добро управување во јавната администрација“. Овој проект е финансиран од Британската амбасада во Скопје, а имплементиран од Центарот за управување со промени во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација.

Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со знаење за ефективни принципи за мониторинг и евалуација на јавни политики, дизајнирање и користење на клучни индикатори за успешност, методи за прибирање податоци за клучни индикатори на успешност, дизајнирање на процес на евалуација и сл.

### 5.3.2. Информативна сесија за ТАИЕКС (TAIEX)

Во февруари 2019 година, во Делегацијата на ЕУ (ЕУ-информативен центар) се одржа информативна сесија за ТАИЕКС (TAIEX).

Целта на сесијата беше употребата на ТАИЕКС (TAIEX) инструментите, запознавање на учесниците со новините, како и отворена дискусија со учесниците за предизвиците, како и потенцијални потреби/проблеми на корисниците на TAIEX.

## 5.4 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Од аспект на меѓународната соработка, во 2019 година главен фокус на работата на Одделението за меѓународна соработка во Комисијата беше ИПА проектната апликација, како и континуирано одржување на релации со своите интернационални соработници и сродни институции.

### 5.4.1. ИПА проект

Во текот на 2019 година, Одделенитето за меѓународна соработка на Комисијата го изготви ToR (Terms of Reference), учествуваше како член во работата на Комитетот за евалуација, во правата и во втората фаза на евалуација на тендерската документација и документите во кои се наведени условите за учество.

Во ноември 2019 година, отпочна Проект финансиран од ЕУ „Унапредување на транспарентноста и отчетноста во јавната администрација" (Јавна референца ЕвропаAid / 139891 / DH / SER / MK), -ProTracco (EU Funded Project "Promoting Transparency and Accountability in Public Administration" ((Public Reference EuropeAid/139891/DH/SER/MK), referred to as ProTracco)).

Агенцијата е директен корисник на активности содржани во Компонента 2: Поддршка на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од тендерската документација (ToR-от).

Оваа компонента опфаќа активности кои ќе се фокусираат на зајакнување на институционалниот капацитет на Агенцијата преку зајакнето промовирање и зајакнување на спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во системот. Истото, е планирано да се постигне преку институционална реорганизација и и продуцирање на интерни правилници за работа и останати стратешки документи, имплементација на модернизирани ИТ-алатки за подобрен оперативен капацитет, обезбедување подобрени услуги, зголемување на одговорноста и транспарентноста на државните органи, како и зајакнување на капацитетите на имателите на информации да ги почитуваат законските обврски и стандардите на ЕУ.

Компонентата 2, меѓу другото, ги содржи следните активности:

- Поддршка за институционална подготовка на регулативи за креирање политики, според новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер;

- Надградба на капацитетот и компетенциите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, подготовка на интерни документи, функционална анализа и систематизација и останати стратешки документи; како развој на Стратегија за слободен пристап до информации од јавен карактер 2020 - 2024 година со Акциски план;

-Подобрување на комуникацијата и соработката со имателите на информации, службени лица и раководните лица на инситутуциите преку развој на ИТ алатки за комуникација и мерење на перформансите, транспарентност и одговорност на Агенцијата и инсититуциите;

- Поддршка за поставување стандарди за транспарентност на централно и локално ниво со поддршка на ИТ алатки и обука за вработените на Агенцијата за спроведување на обуки за имателите;

- Поддршка на Агенцијата во започнувањето на нејзината нова обврска за водење на прекршочни постапки за оние иматели на информации кои не го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ број 101/2019) ;

- Подигнување на јавната свест за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер како фундаментално човеково право итн.

Во декември 2019 година, проектниот тим ги изготви документите од Почетниот период како извештајот (Inception Report), Логичката рамка на планирање (logframe), табелата со Индуктивна временска рамка за реализација на активностите, како и табели со анализа на чинителите и ризиците.

Дел од подактивностите од горенаведените активности од Компонента 2, според Логичката рамка на планирање (logframe), се предвидени да бидат реализирани во 2020 година, а дел во 2021 година.

### 5.4.2 Подготовка на Извештаи за НПАА и Подготовка на материјали за придонесот на Македонија кон Извештајот на Европската Комисија

Покрај подготовката на Извештаи за превземените обврски со елаборација на превземени дејствија поврази со активностите на Агенцијата за Специјалната група за реформа на јавна администрација (СГРЈА).

Во септември 2019 година, Претседателот на Комисијата учествуваше на работниот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација (СГРЈА) на кој ги презентираше сработените резултати на Комисијата за тековната година.

Комисијата подготви и достави материјал за Годишна ревизија на НПАА до СЕП НПАА за 2018 година за РЈА до МИОА, како и материјал за придонесот на Македонија кон Извештајот на Европската Комисија до СЕП, МП и МИОА.

### 5.4.3 Одржување на релации и соработки со сродни иситутции

Во 2019 година Комисијата, со Унгарската национална управа за заштита на податоците и слобода на информации, разменуваа работни материјали и искуства, како и споделување на материјал од Меѓународната работилница за ракување со предмети која се одржа во Будимпешта, на која Комисијата поради недостаток на финансиски средства, не учествуваше.

Во 2019 год. Комисијата продоложи со оддржување на релациите со Секретаријатот и контакт лицето на Меѓународна Конференција за Комесари за Информации (ИЦИЦ) - (International Conference of Information Commissioners (ICIC)).

Комисијата како и секоја година, доби покана за учество на 11-та Меѓународна Конференција за Комесари за Информации (ИЦИЦ) што се одржа во Јоханесбург од 10 и 14 март 2019 година, но поради недостаток на финансиски средства Комисијата не учествуваше.

# 6. Буџет, завршна сметка и финансирање

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, како буџетски корисник, средствата за работа единствено ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија на раздел 19302, програма 20 - Слободен пристап до информации. Сите средства беа испланирани и извршени во согласност со надлежностите, правата и овластувањата на Комисијата со цел нивно законско, ефикасно и економично искористување.

## 6.1. Краток финансиски извештај

Комисијата, 2019 година ја започна со буџет во износ 16.748.000,00 денари. Во текот на 2019 година, по донесените измени и дополнувања на буџетот на Република Северна Македонија, одобрениот буџет на Комисијата изнесуваше 15.280.000,00 денари.

По донесениот ребаланс, поради недостаток на средства на ставка 424, во рамките на одобрениот буџет, од страна на Комисијата беше побарана и одобрена прераспределба на средства за дообезбедување на дополнителни средства во вкупен износ од 200.000,00 денари под ставка 424 – поправки и тековно одржување, од ставките 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 102.000,00 денари и од 425 – Договорни услуги во износ од 98.000,00 денари.

Вкупната реализација на буџетот за 2019 година изнесува 12.359.178,00 денари, или процентуално изразено 80,88%. Расходите се реализирани според потребите, а во согласност со ставките одобрени со буџетот.

За подетален преглед на остварените расходи за 2019 година, следува табеларен и графички приказ.

| | Буџет 2019 | Завршна сметка 2019 |
|---|---|---|
| 401- Основни плати | 8.833.000,00 | 7.538.448,00 |
| 402 - Придонеси за социјално осигурување | 3.267.000,00 | 2.852.932,00 |
| 420 - Патни и дневни расходи | 200.000,00 | 0,00 |
| 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.698.000,00 | 1.199.985,00 |
| Комунални услуги, греење | | 969.465,00 |
| Комуникација | | 230.520,00 |
| Транспорт | | 0,00 |
| 423 - Материјали и ситен инвентар | 100.000,00 | 87.206,00 |
| 424 - Поправки и тековно одржување | 400.000,00 | 399.708,00 |
| 425 - Договорни услуги | 395.000,00 | 94.277,00 |
| 426 - Други тековни расходи | 70.000,00 | 21.316,00 |
| 464 - Разни трансфери | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 465 - Исплата по извршни исправи | 67.000,00 | 66.442,00 |
| 480 - Купување на опрема и машини | 100.000,00 | 48.864,00 |
| 481 - Градежни објекти | 100.000,00 | 0,00 |
| Вкупно | 15.280.000,00 | 12.359.178,00 |

**Табела бр.4: Реализација на буџет по ставки**

Анализирајќи го по видови основниот буџет, учеството на поодделните видови на расходи во вкупно реализираните расходи за извештајниот период е следно:

- Ставка 401 - Основни плати, реализирани се расходи во износ од 7.538.448,00 денари или 85,34% од планираните 8.833.000,00 денари;

- Ставка 402 – Придонеси за социјално осигурување, реализирани се расходи во износ од 2.852.932,00 денари или 87.33% од планираните 3.267.000,00 денари;

- Ставка 420 – Патни и дневни расходи, реализирани се 0,00 денари или 0,00% од планираните 200.000,00 денари;

- Ставка 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, реализирани се 1.199.985,00 денари или 70,67% од планираните 1.698.000,00 денари;

- Ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, реализирани се 87.206,00 денари или 87,21% од планираните 100.000,00 денари;

- Ставка 424 – Поправки и тековно одржување, реализирани се 399.708,00 денари или 99,93% од планираните 400.000,00 денари;

- Ставка 425 – Договорни услуги, реализирани се 94.277,00 денари или 23,87% од планираните 395.000,00 денари;

- Ставка 426 – Други тековни расходи, реализирани се 21.316,00 денари или 30,45% од планираните 70.000,00 денари;

- Ставка 464 – Разни трансфери, реализирани се расходи во износ од 50.000,00 денари или 100,00% од планираните 50.000,00 денари;

- Ставка 465 – Исплата по извршни исправи, реализирани се расходи во износ од 66.642, 00 денари или 99,17% од планираните 67.000,00 денари.

- Ставка 480 – Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ 48.864,00 денари или 48,86% од планираните 100.000,00 денари;

- Ставка 481 – Градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 0,00

## 6.2. Компаративна табела на буџет и расходи во последните три години

Во продолжение е даден табеларен компаративен преглед на буџетот и остварените расходи од завршните сметки на Комисијата во последните три години.

| | Буџет 2019 | Завршна сметка 2019 | Буџет 2018 | Завршна сметка 2018 | Буџет 2017 | Завршна сметка 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 - Основни плати | 8.833.000,00 | 7.538.448,00 | 9.782.000,00 | 8.061.030,00 | 9.000.000,00 | 8.017.464,00 |
| 402 - Придонеси за социјално осигурување | 3.267.000,00 | 2.852.932,00 | 3.618.000,00 | 2.984.976,00 | 3.300.000,00 | 2.975.858,00 |
| 420 - Патни и дневни расходи | 200.000,00 | 0,00 | 100.000,00 | 24.911,00 | 100.000,00 | 83.008,00 |
| 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.698.000,00 | 1.199.985,00 | 1.800.000,00 | 1.141.600,00 | 1.667.500,00 | 1.377.027,00 |
| 423- Материјали и ситен инвентар | 100.000,00 | 87.206,00 | 100.000,00 | 69.798,00 | 100.000,00 | 99.442,00 |
| 424 - Поправки и тековно одржување | 400.000,00 | 399.708,00 | 200.000,00 | 182.572,00 | 200.000,00 | 156.964,00 |
| 425 - Договорни услуги | 395.000,00 | 94.277,00 | 560.000,00 | 285.408,00 | 300.000,00 | 299.680,00 |
| 426 - Други тековни расходи | 70.000,00 | 21.316,00 | 70.000,00 | 21.559,00 | 70.000,00 | 59.273,00 |
| 464 - Разни трансфери | 50.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 | 15.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 465- Исплати по извршни исправи | 67.000,00 | 66.442,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 480 - Купување на опрема и машини | 100.000,00 | 48.864,00 | 100.000,00 | 21.651,00 | 82.500,00 | 79.899,00 |
| 481 - Градежни објекти | 100.000,00 | 0,00 | 100.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **15.280.000,00** | **12.359.178,00** | **16.480.000,00** | **12.808.505,00** | **14.820.000,00** | **13.148.615,00** |

**Табела бр.5: Буџет и остварени расходи во последните три години**

### 6.3 Завршна сметка за 2019 година

Копија од завршна сметка за пресметковниот период 01.01.2019 до 31.12.2019 година, за сметка на основен буџет – 193026020863713, е доставена како анекс на извештајот.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Агенцијата ќе продолжи со активности за ажурирање на листата на иматели на информации согласно новите законски решенија, потоа ќе продолжи со едукација на службените лица кај имателите на информации, со посебен акцент на новините во Законот, ќе продолжи соработката со имателите на информации, со информирање на јавноста и меѓународната соработка.

2. Во делот на доекипирање на Агенцијата, по изготвување на функционална анализа и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата, ќе бидат преземени дејствија за реализирање на нови вработувања и унапредување на постоечкиот кадар.

## 8. ПРЕПОРАКИ:

1. Агенцијата да се вклучи и да земе активно учество во сите активности на полето на транспаретност и отчетност.
2. Новиот Закон ги исполнува меѓународните стандарди за слободниот пристап до информациите од јавен карактер, но интенцијата е пред се подигнување на свеста кај имателите на информации за побрзо и поефикасно постапување по добиени барања за слободен пристап.
3. Зголемување на буџетот на Агенцијата со цел создавање на можности за подобрување на условите за работа, како и за нејзино поактивно и независно работење базирано на сопствени средства, пред се во делот на едукацијата.

# 9. ПРИЛОЗИ:




**Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци**




**Графикон 2: Број на поднесени жалби**




**Графикон 3: Компаративни податоци на поднесени жалби по години**




**Графикон 4: Решени предмети и нивна структура**




**Графикон 5: Жалби поднесени против иматели на информации**




**Графикон 6: Листа на иматели на информации од јавен карактер**




**Графикон 7: Број на Годишни извештаи**




**Графикон 8: Постапки по барања**




**Графикон 9: Број на поднесени барања до иматели**




**Графикон 10: Споредбен преглед од почетокот на примената на Законот (иматели на информации, поднесени барања, одговорени барања и примени Годишни извештаи)**




**Графикон 11: Процент на реализација на буџет по ставки**

# ПРИЛОГ: КОПИЈА ОД ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2019 ГОДИНА

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK**

---

Бр./Nr. 05-150/4 Скопје, Shkup, 27.02 2020 година/viti

До
Централен регистар на Република Северна Македонија
Скопје

**Предмет:** Поднесување на годишна пресметка за период 01.01.2019 - 31.12.2019

Почитувани,

